РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 1402-30799/2
23-12-2016 год.
СКОПЈЕ

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

**Тренд на Агенцијата за катастар на недвижности е:**

- Кориснички ориентирана организација која своите развојни програми и цели ги насочува кон достава на квалитетни услуги и производи на начин кој е соодветен на потребите на корисниците;
- Континуирано информирање на граѓаните и на професионалните корисници за работењето на Агенцијата со цел поголема транспарентност и отчетност кон ѓраѓаните и општеството во целина;
- Подобрување на квалитетот на податоците на катастарот на недвижности и градење на имиџ на современа агенција која работи на својот развој;
- Почитување и исполнување на барањата на Стандардот ИСО 9001:2008;
- Воведување на нови функционалности во Геодетско - Катастарскиот Инфомациски Систем и
- Воспоставување ефективни и ефикасни процеси преку зајакнување на институционалните капацитети и промена на организациската структура.

**Декларирана цел на Агенцијата за катастар на недвижности е:**

Агенцијата за катастар на недвижности е сервисно ориентирана институција која обезбедува сигурен и ефикасен пристап до дигиталните податоци од Геодетско - Катастарскиот Инфомациски Систем преку е-сервиси, електронски го одржува катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти, воспоставува Адресен регистар и Регистар на градежно земјиште, создава услови за воспоставување масовна проценка и 3Д-катастар, воспоставува и одржува геодетска референтна инфраструктура по меѓународни стандарди и обезбедува јавен пристап до Националната инфраструктура на просторни податоци, ги јакне човечките ресурси и капацитети со цел соодветно да одговорат на барањата на новите програми, системи и методи, стремејќи се кон целосно самофинансирање.

**Јавни цели како успешна агенција се:**

- Современа самофинансирачка институција со целосно воспоставени примарни и секундарни бизнис-процеси;
- Овозможена размена на високо квалитетни и ажурни дигитални податоци и сервиси на национално и на регионално ниво;
- Почитување на законската легислатива и постојано подобрување на квалитетот и услугите;
- Едуциран и високомотивиран кадар и
- Грижа за животната средина и грижа за здравјето на вработените.

**Политиката за квалитет е јавно достапна и сите вработени се запознаени со неа.**

**Дата:**
**22.12.2016**

**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**
**Директор**